РАЗВОЈ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕОДНИЈА
# СМЕТКА ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

**04 2021 04 01**

**Скопје, јуни 2022 година**

Кратенки користени во извештајот:

СДСМ– Социјалдемократски сојуз на Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
ДИК - Државна изборна комисија
ДЗР - Државен завод за ревизија

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 21 |
| - Сметководствени политики | 21 - 23 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 23 - 29 |
| Прилог број 1 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |
| Прилог број 2 - Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 13-183/6
**Дата:** 17.06.2022

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Социјалдемократски сојуз на Македонија на сметката за редовно работење за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ на сметката за редовно работење за 2019 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2019 година, при што е утврдено дека дадените две препорака не се спроведени.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2020 година, ги констатиравме следните состојби:

- за дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата не е решен сопственичкиот статус, поради што истите не се воведени во евиденцијата кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата, за која состојба овластениот државен ревизор извести и во Конечните извештаи за претходни години и
- средствата за членарина од секоја општинска организација се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати, а не одделно за секоја уплата.

За утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица во партијата со цел преземање мерки за надминување на состојбите.
Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на структурата на изворите на финансирање од аспект на учеството на приватните и јавните извори на финансирање.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување, за кои во повеќе наврати Државниот завод за ревизија обелодени преку своите годишни извештаи, а кои се однесуваат на:

- потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија;
- со измените и дополнувањата на Изборниот законик во 2018 година, изменет е член 71, со што додадена е можност на трансакциската сметка за изборна кампања да се депонираат средства од сметката на политичката партија за редовно работење и од посебните сметки за средствата обезбедени од кредит, поради што потребно да се дополни член 26 од Законот за финансирање на политичките партии со кој ќе се уреди преносот на средствата од сметката за редовно работење на партијата и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит на трансакциска сметка отворена за изборен процес;
- во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства;
- потребно е да се преземат активности за изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции";
- да се донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно;
- доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на роковите за одделни активности поврзани со начинот на планирање, распределба и исплата на средствата од редовно годишно финансирање на политичките партии и
- да се утврди пречистен текст на Законот за политичките партии и Законот за финансирање на политичките партии.

Од страна на одговорното лице добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и кои се содржани во Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Социјалдемократски сојуз на Македонија на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Социјалдемократски сојуз на Македонија за 2019 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на СДСМ застапувано од:

- Зоран Заев, претседател од 02.06.2013 година до 21.12.2021 година и
- Д- р Димитар Ковачевски, претседател до 21.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2022 до 18.03.2022 година, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Татјана Димитровска, помошник на главниот државен ревизор (по овластување) и овластен државен ревизор;
- Зоран Богоевски, самостоен ревизор и овластен државен ревизор и
- м-р Надица Доневски, ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ на сметката за редовно работење за 2019 година, при што е утврдено дека дадените две препораки не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 14.03.2022 година.
Од страна на одговорното лице добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-183 од 13.05.2022 година. Забелешките се однесуваат на точка 4.1.1. и 4.1.2., и истите се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и кои се содржани во Нацрт извештајот.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Овластениот државен ревизор во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ за претходни години, извести дека за дел од објектите кои ги користи и располага, партијата нема обезбедено имотни листови за регулирање на правото на сопственост. Со извршениот увид во расположливата документација констатиравме дека станува збор за деловен простор во градежни објекти, кои СДСМ ги има наследено од правен субјект нејзин претходник[1].

[1]Објект во Тетово, Куманово, Кисела Вода, Центар, Виница, Кочани, Делчево

Во текот на 2018 и 2019 година СДСМ има преземено активности[2] за уредување на правото на сопственост на објектите со недефиниран сопственички статус, што СДСМ ги владее како правен наследник.

Ревизијата истакнува дека до денот на извршување на ревизијата, Од извршениот увид на приложената документација, состојбата не е променета, односно не е обезбеден документ за сопственост поради што не е извршено нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и не е извршено сметководствено евидентирање во деловните книги, согласно одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации и Законот за сопственост и други стварни права, што влијае на искажаната вредност на позицијата на постојаните средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице на партијата да продолжи со отпочнатите активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и соодветно евидентирање во деловните книги на партијата.

4.1.2. Со одредбите на член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, уредени се приватните извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства, кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 14 од наведениот закон, износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

Начинот и висината на плаќање на членарината се регулирани со интерни акти[3] на партијата, согласно кои претседателите на општинските организации на СДСМ имаат обврска да се грижат за уредно прибирање на членарината, висината на истата и задолжително да го известат одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ доколку некој од членовите уплати износ повисок од законски предвидениот. Прибраните средства од членарини во вкупен износ се уплатуваат на трансакциската сметка на партијата од лица именувани од страна на одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ.

---

[2] Одлука за отпочнување на активности за утврдување на право на сопственост број 03-382 на 27.09.2018 година и Овластување на Адвокатско друштво за поведување постапка за утврдување на правото на сопственост пред надлежните институции и органи, за наследените деловни простории, бр.0205-579 од 26.12.2019 година

[3] Правилник за плаќање на членарина број 0202-60/1од 02.04.2012 година, Одлука за измени и дополнување на Правилник за плаќање на членарина бр.0202-175/1 од 04.03.2014 година;

Со извршениот увид во начинот на прибирање на средствата од членарина. Утврдивме дека во 2020 година, средствата за месечната членарина од секоја општинска организација, се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати.
Ревизијата истакнува дека воспоставениот начин на прибирање, уплата и известување за приходите по основ на членарина во СДСМ не обезбедува целосен увид и потврдување во поединечно уплатените средства, по наведениот основ, која состојба овластениот државен ревизор во континуитет ја истакнува во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ од претходни години.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе активности за донесување на акт за доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните износи на средства по основ од членарина, заради потврдување дека поединечните износи на членарина се во рамките на законски утврдениот лимит.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 4.1. кои се однесуваат на нерегулиран сопственички статус на дел од градежните објекти наследени од правниот субјект претходник на партијата, како и воспоставениот начин на уплата на членарината на трансакциската сметка, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Законот за финансирање на политичките партии[4] ги уредува изворите, приходите и расходите на политичките партии, како и начинот на кој се врши надзорот и контролата на нивното финансирање. Средствата за редовно работење на политичките партии се остваруваат од јавни извори за финансирање, со средства од Буџетот на РСМ и од приватни извори на финансирање: членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Со донесувањето на Законот за финансирање на политичките партии[5] во 2004 година, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии беа утврдени во висина од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ, додека со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките парии[6] од 2018 година истите се зголемени на 0,15% од изворните приходи на Буџетот на РСМ. Поради епидемијата со COVID 19, во јуни 2020 година со Уредбата со Законска сила за финансирање на политичките партии[7] процентот од изворните приходи е намален на 0,04%, за да во декември 2020 со Законот за изменување на Законот за финансирање на политичките парии[8] процентот за финансирање на политичките партии за 2020 и 2021 година е утврден во висина од 0,105% од изворни приходи на Буџетот на РСМ.

Со извршените ревизии за период 2018-2020 година, констатиравме дека ваквите законски измени влијаат врз структурата на приходите на политичките партии, прикажани одделно во графиконот подолу:

[4] „Службен весник на Република Македонија "број 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20)
[5] „Службен весник на Република Македонија" број 76/04
[6] „Службен весник на Република Македонија" број 140/18
[7] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 166/20
[8] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/20

000 денари




Со анализата на вкупните приходи по видови на извори на финансирање, констатиравме дека учеството на јавното финансирање од Буџетот на РСМ на редовното работење на СДСМ бележи тренд на опаѓање во 2020 година што е за 29,14% помалку во однос на 2019 година, кое се должи на намалување на процентот за годишно финансирање на политичките партии, како и намалување на вкупните изворни приходи на Буџетот на РСМ како резултат на влијанието на здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19. Исто така се забележува тренд на зголемување на учеството на приватните извори на финансирање (донации) во вкупните приходи на партијата.

Структурата на расходите на партијата во нареден период се очекува да биде променета, имајќи ја предвид измената на член 83 став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, каде извор на финансирање на изборната кампања, меѓу другите извори се и средствата од редовната сметка на политичката партија.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 9 од Законот за финансирањето на политичките партии, политичките партии средствата за годишно финансирање од Буџетот на РСМ можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со закон, статут и други акти на партијата.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик во 2020 година[9] во член 83 став 2 алинеа 1 уредено е дека изборната кампања може да се финансира, меѓу другите извори и од средства од редовната

[9] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20

сметка на политичката партија. Имајќи ја предвид оваа одредба, укажуваме дека дадена е законска можност, средствата добиени од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на политичките партии да се користат како финансиски средства со кои ќе се покриваат трошоци на учесниците во изборните кампањи.

Ревизијата смета дека потребно е да се преиспита член 83 став 2 од Изборниот законик во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на политичката партија од причина што ваквата законска измена на Изборниот законик создава ризик средствата од Буџетот на РСМ за финансирање на редовното работење на партиите согласно Законот за финансирање на политичките партии да не се користат исклучиво за остварување на цели на партијата во редовното работење туку да се користат за финансирање на изборните кампањи.

7.2. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на РМ“ број 140/18) извршени се измени во член 71, со што во став 7 додадена е можност на трансакциската сметка за изборна кампања да се депонираат средства од сметка на политичката партија за редовно работење и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит, без да се прецизира рокот и начинот за враќање на истите, доколку трансферираните средства не се извор на финансирање на изборната кампања, согласно член 83 од Изборниот законик.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии во 2018 година[10] во член 26 уредено е дека политичката партија може да врши пренос на средствата помеѓу своите сметки (сметка за редовно работење и сметка за кредити). Имајќи го предвид член 71 став 7 од Изборниот законик, ревизијата укажува дека потребно да се дополни член 26 од Законот за финансирање на политичките партии со кој ќе се уреди преносот на средствата од сметката за редовно работење на партијата и од посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит на трансакциска сметка отворена за изборен процес.

7.3. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, донациите претставуваат приватни извори на финансирање на политичките партии, додека во член 16 од наведениот закон е уреден износот на поединечната донација и тоа:

- физички лица до висина од 30 просечни нето плати во Републиката и
- правни лица во висина од 60 просечни плати во Републиката,

исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика, кој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

[10] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 140/18

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 16.02.2020 година, во член 83 уредено е дека изборната кампања може да се финансира и од:

- донации на политичка партија,
- физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и
- правни лица во висина од 30.000 евра во денарска противвредност.

Ревизијата укажува дека во услови на дадена законска можност за финансирање на изборната сметка со донации на политичката партија потребно е допрецизирање на член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства.

7.4. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на политичките партии во минати години, овластениот државен ревизор извести дека водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи и доставувањето на финансиските извештаи на политичките партии се уредени со Законот за сметководството за непрофитните организации[11], за кој е потребно надлежните институции да преземат активности за изменување и дополнување, и тоа:

- согласно член 13 од наведениот закон признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Имено, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите/расходите во пресметковниот период се подразбира дека истите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
- Поради наведените алтернативни критериуми за расположливоста на приходите (сврзникот „или„) ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки во однос на рокот на нивната расположливост и евидентирање и подзаконски акти за воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и

[11] „Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 17/11 и 154/15

обрасците за подготвување на финансиските извештаи донесени се подзаконски акти и тоа:

- ✓ Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[12] и
- ✓ Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[13].

Во наведените правилници, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа".

Надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции".

7.5. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Овој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година „не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика". Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање во деловните книги.

Имајќи ги во предвид одредбите на член 33 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/2020) со кој како извор на финансирање на изборната кампања е утврдена и „членарина на политичка партија", од една страна и не секогаш воспоставена целосна и соодветна евиденција во деловните книги за висината на членарината по член на партијата за соодветен известувачки период, вкупните приходи на име членарина за соодветен известувачки период и висината на пренесените средства од редовната сметка на сметката за изборна кампања за одреден изборен процес од друга страна упатува на потребата од доуредување на наведената состојба.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање на членарината, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и

[12] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05

[13] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/05, 11/06

потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно, вклучувајќи го и финансирањето на изборната кампања за одреден процес.

7.6. Со Законот за финансирање на политичките партии се уредува начинот на планирање, распределба и исплата на средствата за редовно годишно финансирање на политичките партии. Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30% кои се обезбедени од буџетот на РСМ се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ, на државно ниво или на последните локални избори во единицата за локална самоуправа. Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 70% обезбедени од буџетот на РСМ, се распоредуваат на политички партии чии што кандидати се избрани за пратеници во Собранието на РСМ, сразмерно со бројот на избрани пратеници и на политички партии чиишто кандидати се избрани за советници на последните локални избори, сразмерно со бројот на избрани советници. Согласно законот, ДИК е должна да достави до Министерството за правда листа на политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на избирачите на последните одржани избори за пратеници во Собранието на РСМ, на државно ниво или на последните одржани локални избори во секоја општина и во Град Скопје, на ниво на општина односно на ниво на Град Скопје. По доставување на наведените податоци, од страна на Министерството за правда се донесува Решение за распоредување на средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на РСМ по чие изготвување се врши исплата на средствата.

Со извршениот увид во одредбите од законот утврдивме дека не се пропишани рокови во кои Министерството за правда треба да донесе одлука за распоредување/исплаќање на средствата за политичките партии во текот на годината. Исто така, не е пропишан рок во кој ДИК треба да ја достави листата на политички партии кои добиле најмалку 1 % од гласовите на изборите за пратеници во Собранието на државно ниво или на последните локални избори како и листата до Министерството за правда на пратеници од политичките партии избрани за Собранието на државно ниво и листа на советници од политичките партии избрани на локалните избори на државно ниво.

Наведената состојба предизвикува политичките партии да не можат да ги планираат приходите од Буџетот на РСМ, да ги усогласат планираните активности со изворите на средства, ниту пак да ги внесат во сметководствените книги и да преземат мерки за наплата на побарувањата од Министерството за правда.

За надминување на утврдената состојба, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на временската рамка за горенаведените активности, за која состојба овластениот државен ревизор извести и во конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на Основниот Буџет на РСМ за 2020 година.

7.7. Правната рамка со која се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии и начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии се темели на два закони и тоа Закон за политичките партии[14] и Закон за финансирање на политичките партии.

Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија истите се повеќе пати менувани и дополнувани и не постојат пречистени текстови.

Ревизијата смета дека е потребно Собранието на Република Северна Македонија да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на РСМ да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти и истите терминолошки да ги усогласи со уставот и со правниот систем.

[14] „Службен весник на Република Македонија“ број 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини,подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 102664 | 115484 |
| Други приходи | 3.1.2. | | 255 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | 3.1.3. | 26713 | 20463 |
| Вонредни приходи | 3.1.4. | 12 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | 129389 | 136202 |
| **Расходи** | | | |
| Расходи, материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 46284 | 45002 |
| Други расходи | 3.2.2. | 21091 | 23314 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 26676 | 20954 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 0 | 7276 |
| Помошти донации и други давачки | 3.2.5. | 60 | 0 |
| Плати и надомест на плати | 3.2.6. | 17893 | 12476 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.7. | 503 | 467 |
| **Вкупно расходи** | | **112.507** | **109.489** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 17.184 | 26.931 |
| Побарувања | 4.1.2. | 770 | 401 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 211 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 23.693 | 25.190 |
| **Вкупно тековни средства** | | **41.858** | **52.522** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства | 4.2.1. | 128.423 | 127.098 |
| **Вкупно постпјани средства** | | **128.423** | **127.098** |
| **Вкупна актива** | | **170.281** | **179.620** |
| **Пасива** | | | |
| **Краторочни обврски и ПВР** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 11.174 | 25.190 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 4.3.2. | 304 | 218 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 17.862 | 27.113 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **29.340** | **52.521** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 128.423 | 127.099 |
| Долгорочни обврски | 4.4.2. | 12.518 | 0 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **140.941** | **127.099** |
| **Вкупна пасива** | | **170.281** | **179.620** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2019 година** | **127.099** | **127.099** |
| **Зголемување по основ на:** | **5.623** | **5.623** |
| Набавки | 3.247 | **3.247** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2.376 | **2.376** |
| **Намалување по основ на:** | **4.299** | **4.299** |
| Продажба | 391 | **391** |
| Амортизација | 3.908 | **3.908** |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **128.423** | **128.423** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај

## 1. ВОВЕД

Политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ (во натамошниот текст СДСМ) е оформена на 21 април 1991 година на 11 Конгрес на Сојуз на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП) кога врз основа на иницијативата на претседателството на ЦК СКМ-ПДП од 14 февруари 1991 година и предлогот на Централниот Комитет на 23 февруари 1991 година е донесена и одлуката за промена на името од СКМ-ПДП во СДСМ. При формирањето, партијата е запишана со Решение на Собрание на Град Скопје Градскиот секретаријат за внатрешни работи Скопје УП бр.38/6404/1 од 05.07.1990 година во регистарот на општествените организации – здруженија на граѓани под реден број 1276 и во Основен суд Скопје I Скопје под Рег. број 9.

СДСМ е заведена во судскиот регистар на политички партии со решение ПП број 4/07 од 03.05.2007 година и во Единствениот судски регистар на политички партии во Основен суд Скопје II Скопје под Рег. број 3 од 18.06.2009, согласно Законот за политички партии и Законот за судовите.

Членството на СДСМ територијално е организирано во следните облици на дејствување:

- Социјалдемократски сојуз на Македонија
- Градска организација на СДСМ - Скопје
- Општинска организација на СДСМ
- Месен одбор на СДСМ.

Членовите на СДСМ може да се организираат и во интересовни облици.

Органи на СДСМ се: Конгрес, Централен одбор, Претседател, Заменик претседател и Надзорен одбор.
Конгресот на СДСМ е највисок орган на партијата и него го сочинуваат:

- по 1 делегат на определен број членови од општинските организации на СДСМ,
- претседателот на СДСМ,
- заменик претседателот на СДСМ,
- генералниот секретар на СДСМ,
- членовите на Централниот и Надзорниот одбор,
- претседателите на општинските организации,
- членовите на Градскиот одбор на Градската организација на СДСМ – Скопје,
- претседателот на СДММ и
- координаторот на Форум на жени, односно вршителите на овие функции во моментот на одржувањето на Конгресот,
- членовите на Пратеничката група на СДСМ, министрите и замениците министри избрани од листата на СДСМ,
- градоначалниците од редовите на СДСМ.

Мандатот на делегатите на Конгресот трае 4 години.
Конгресот избира претседател на СДСМ и членови на Надзорниот одбор. Мандатот на претседателот на СДСМ трае 4 години со право на повторен избор.
Мандатот на Заменик претседателот на СДСМ трае 4 години, во рамките на мандатот на претседателот на СДСМ, со право на повторен избор.
Надзорниот одбор на СДСМ се состои од 9 члена, од својот состав избира претседател и негов заменик. Мандатот на претседателот и членовите на Надзорниот одбор трае 4 години со право на повторен избор.
Централен одбор е највисок орган на СДСМ меѓу 2 конгреса и го сочинуваат претседателот на СДСМ, заменик претседател на СДСМ и од 100 до 120 члена кои ги избира Конгресот. Мандатот на членовите на Централниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор. Седниците на Централниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш на секои три месеци.

Централниот одбор избира Извршен одбор кој се состои од:
- претседателот на СДСМ,
- заменик претседател на СДСМ,
- генералниот секретар на СДСМ,
- потпретседателите на Централниот одбор,
- организациониот секретар,
- 15-18 члена што ги избира Централниот одбор од својот состав и
- секретарот за меѓународна соработка доколку е избран од составот на Централниот одбор.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на Централниот одбор трае 4 години , со право на повторен избор.

Седиштето на СДСМ е во Скопје на улица Павел Шатев бр.8.

Врз основа на одржан конгрес на СДСМ и доставено барање за запишување во Регистарот на политички партии на ден 07.06.2013 година извршена е промена на **Претседател на СДСМ**. За Претседател на партијата е избран Зоран Заев. На Дваесет и вториот конгрес на СДСМ, одржан на 27.05.2017, за претседател на партијата е реизбран Зоран Заев.
Лице одговорно за материјално-финансиско работење е Љупчо Николовски. Решение од Основен граѓански суд Скопје РПП бр.35/19 од 04.10.2019.

СДСМ своето финансиско работење го врши преку сметката 300 0000010231 92, отворена во Комерцијална Банка АД Скопје и подсметката 300 0000041616 27 за Партиско истражувачки-аналитички центар. Овластени потписници на сметката за редовното работење се:
- Бранко Георгиевски, Директор на служба за општи, правни и кадровски работи на СДСМ до 20.06.2019,
- Љупчо Николовски – генерален секретар на СДСМ, од 20.06.2019 година, и

- Мартин Попов за подсметката 300 0000041616 27 за Партиско истражувачки-аналитички центар.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Признавање на приходи и расходи

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело за непрофитните организации, односно модифицирано настанување на деловните промени (трансакции).
Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.
Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот периодот под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

2.2. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.3. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции значи расходите да се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

2.4. Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

2.5. Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и други вонредни расходи кои се искажуваат на товар или во полза на капиталните средства.

### Утврдување на состојбата на билансните позиции

2.6. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

2.7. Непрофитните организации ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени,

како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.8. Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност утврдена врз основа на куповната цена, зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоци за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност односно на трошоците за набавка.

2.9. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во номинален износ, а во странска валута по курсот на НБРМ на денот на билансирањето.

2.10. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

2.11. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицира како расход и се отпишува еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.12. Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис, со примена на годишни стапки пропишани од министерот за финансии.

2.13. Основицата за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

2.14. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.15. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста.

2.16. Ситниот инвентар се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.17. Обврската за отпишување на материјалните средства не се однесува на следниве долгорочни средства:
- земјиштата и шумите;
- градежните објекти и предметите кои во согласност со законот се прогласени за културно, историско или уметничко значење и книгите во библиотеките;

- долгорочни средства до нивното ставање во употреба;
- долгорочните средства кои трајно се надвор од употреба и
- другите долгорочни средства, чијашто употреба не е временски ограничена.

2.18. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат средствата и изворите на финансирањето.

2.19. Непрофитните организации вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ревалоризацијата се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата за расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени средства со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на денот на отуѓување на средствата.

2.20. Резултатот од ревалоризацијата на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средства.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори

На оваа позиција во 2020 година евидентирани се приходи во износ од 102.664 илјади денари (2019 година – 115.484 илјади денари) кои се однесуваат на уплатените парични средства по основ на:

- членарини, донации од правни и физички лица во износ од 14.877 илјади денари и
- приходи од Буџетот на Република Македонија согласно Законот за финансирање на политичките партии во износ од 52.197 илјади денари и
- приходи од други субјекти во износ од 35.590 илјади денари кои се однесуваат на парични средства обезбедени од кредит и трансфер на средства од сметката на Партиско аналитички истражувачки центар за плати на вработените.

### 3.1.2. Други приходи

На оваа позиција во 2020 година не се евидентирани приходи (2019 година – 255 илјади денари) и се однесуваат на приходи по основ на продажба на службено возило.

### 3.1.3. Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година

Оваа позиција во износ од 26.713 илјади денари (2019 година – 20.463 илјади денари) е проценета во висина на пренесениот вишок на приходи од минати години.

### 3.1.4. Вонредни приходи

На оваа позиција во 2020 година се евидентирани приходи во износ од 12 илјади денари (2019 година – 0 денари) и се однесуваат на приходи по основ на наплатени штети од осигурување.

## 3.2. Расходи

### 3.2.1. Материјални расходи, услуги и амортизација

Оваа позиција е проценета во висина од 46.284 илјади денари (2019 година – 45.002 илјади денари), а се однесува на исплатените средства по следните основи:
- потрошени материјали, кои опфаќаат трошоци за набавка на канцелариски материјали, за потрошена вода, ѓубретарина, набавка на средства за хигиена, набавка на прехранбени производи и други материјали;
- потрошена енергија, кои опфаќаат трошоци за струја и гориво;
- инвестиционо одржување на средствата кои трошоци се однесуваат за поправки на возилата и опремата со која располага партијата;
- други услуги, кои опфаќаат трошоци за услуги за истражување на јавно мислење, трошоци за набавка на цветни аранжмани, за користени интернет и ТВ услуги и др;
- превозни-транспортни услуги, кои опфаќаат трошоци за телекомуникациски услуги (мобилна и фиксна телефонија) и превоз на патници при организирање на настани;
- издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, кои опфаќаат трошоци за рекламирање на електронски и печатени медиуми, испитувања на јавно мислење и анализи на резултати и трошоци за користени угостителски услуги;

- наемнини, кои опфаќаат трошоци за закупен простор за општинските организации, закуп на конференциски сали и закуп на опрема при организирање на настани;
- други материјални расходи, кои опфаќаат исплати за судски и административни такси, регистрација на моторни возила и сл.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 |
| Потрошени материјали | 2.337 | 1.713 |
| Потрошена енергија | 4.637 | 7.138 |
| Инвестиционо одржување на средтсвата | 444 | 223 |
| Други услуги | 3.738 | 1.802 |
| Превозни - транспортни услуги | 4.666 | 7.779 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 23.217 | 21.481 |
| Наемнини | 7.186 | 4.544 |
| Други материјални расходи | 59 | 322 |
| **Вкупно:** | **46.284** | **45.002** |

### 3.2.2. Други расходи

Оваа позиција во 2020 година е проценета во висина од 21.091 илјади денари (2019 година – 23.314 илјади денари) и се однесуваат на исплатени средства по следниве основи:

- провизија за платниот промет;
- отплата на главница и камата по одобрен кредит;
- премии за осигурување кои опфаќаат трошоци за осигурување на имот, опрема и возила;
- трошоци за службени патувања во земјата и странство и
- интелектуални и други расходи кои опфаќаат трошоци за нотарски услуги и консултантски услуги.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Провизија за платниот промет | 298 | 94 |
| Камати на кредити и заеми | 19.998 | 19.263 |
| Премии за осигурување | 188 | 179 |
| Службени патувања | 530 | 677 |
| Интелектуални и други расходи | 77 | 3.101 |
| **Вкупно:** | **21.091** | **23.314** |

### 3.2.3. Пренесени средства

Оваа позиција во 2020 година е проценета во висина од 26.676 илјади денари (2019 година – 20.954 илјади денари) и се однесува на трансфер на средства од сметката на Партискиот аналитичко истражувачки центар на сметката за редовно работење за плата на вработените во центарот.

### 3.2.4. Капитални и други средства

На оваа позиција во 2020 година не е искажана вредност (2019 година – 7.276 илјади денари) и се однесува на капитални инвестиции во градежен објект во износ од 5.133 илјади денари и набавка на опрема во износ од 2.143 илјади денари.

### 3.2.5. Помошти, донации и други давачки

Оваа позиција во 2020 година е проценета во висина од 60 илјади денари (2019 година 0 денари) и се однесува на помош, донации и други давања на субјекти.

### 3.2.6. Плати и надоместоци на плати

Оваа позиција е проценета во висина од 17.893 илјади денари (2019 година – 12.476 илјади денари) и се однесува на исплатените средства за: основни плати на вработени, персоналниот данок на доход од плата, придонесите од плати за социјално осигурување кое што ги содржи придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство, Агенцијата за вработување и останати придонеси од плати.

### 3.2.7. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот

Оваа позиција во 2020 година е проценета во висина од 503 илјади денари (2019 - 467 илјади денари), а се однесува на плаќања по основ на персонален данок при исплата на трошоци за закуп кон физички лица; данок на имот за објектите со кои располага партијата и комунална такса за користење јавни простори.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

### 4.1. Парични средства, краткорочни побарувања и активни временски разграничувања

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета во износ од 17.184 илјади денари (2019 година – 26.931 илјади денари) и претставува состојба на расположливите парични средства на

трансакциската сметка во износ од 16.881 илјади денари и кредитна картичка во износ од 303 илјади денари на ден 31.12.2020 година.

#### 4.1.2. Побарувања од купувачи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 770 илјада денари (2019– 401 илјада денари) и се однесува на побарувања по основ закупнина за издадени деловни простории.

#### 4.1.3. Краткорочни финансиски побарувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 211 илјада денари (2019– 0 денари) и се однесува на побарувања по основ на користење на дебитна картичка.

#### 4.1.4. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 23.693 илјади денари (2019 година – 25.190 илјади денари) и се однесува на временски разграничувања на неподмирени обврски кон добавувачи.

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Материјални средства

Материјалните средства се проценети во висина од 128.423 илјади денари (2019 – 127.098 илјади денари).

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| ОПИС | Применети стапки во 2020 |
|---|---|
| Градежни објекти | 1% |
| Опрема и други материјали | 20% |
| Мебел-дрвен | 12% |
| Опрема за ПТТ сообраќај | 14% |
| Превозни средства | 15% |

Состојбата и промените на материјалните средства во 2020 година се прикажани во следната табела:

## ПРОМЕНИ КАЈ МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | *МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА* | | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|
| | *Градежни објекти* | *Опрема* | |
| 1 | 2 | 3 | 4=2+3 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | 145.479 | **28.402** | **173.881** |
| Набавки во текот на годината | - | 3.247 | 3.247 |
| **Вкупни зголемувања:** | - | **3.247** | **3.247** |
| Продажба | - | 433 | 433 |
| Расходување | - | 4.307 | 4.307 |
| **Вкупно намалување** | - | **4.740** | **4.740** |
| **Ревалоризација** | 2.764 | **652** | **3.416** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2020** | **148.243** | **27.561** | **175.804** |
| **Исправка на вредност** | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | **23.996** | **22.787** | **46.783** |
| Амортизација за тековната година | 1.496 | 2.413 | 3.909 |
| Расходи и отугувања | - | (4.228) | (4.228) |
| Продажба | - | (43) | (43) |
| Ревалоризација | 484 | 476 | 960 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2020** | **25.976** | **21.405** | **47.381** |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12. 2020 | 122.267 | 6.156 | 128.423 |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12. 2019 | 121.483 | 5.615 | 127.098 |

## Пасива

### 4.3. Краткорочни обврски и ПВР

#### 4.3.1. Обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 11.174 илјади денари (2019 година – 25.190 илјади денари) и се однесува на неподмирени обврски спрема добавувачи.

### 4.3.2. Краткорочни финансиски обврски

Оваа позиција е проценета во износ од 304 илјади денари (2019 година – 218 илјади денари). Состојбата на сметка произлегува од евидентирање на расположливи средства на кредитна картичка со која располага партијата.

### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 17.862 илјади денари (2019 година – 27.113 илјади денари) и се однесува на временски разграничувања на побарувања од купувачите и промените на паричните средства.

## 4.4. Извори на деловни средства

### 4.4.1. Деловен фонд

Оваа позиција на крајот на 2020 година е проценета на 128.423 илјади денари (2019 година – 127.099 илјади денари) и се однесува на капиталот односно материјалните средства со кои располага партијата.

### 4.4.2. Долгорочни обврски

Оваа позиција на крајот на 2020 година е проценета на 12.518 илјади денари (2019 година – 0 денари) и се однесува на долгорочен кредит кој го располага партијата.

СДСМ

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр 03-133
09.06 2022 год
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено Pranuar më | 09.06.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera: |
| | 13-183/5 | | |

До

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предмет: забелешки на Нацрт извештајот број 13-183/3/4 од 13.05.2022 година за извршена ревизија за финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија сметка за редовно работење

**НАОД И ПРЕПОРАКИ:**

4.1.1. Овластениот државен ревизор во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ за претходни години, извести дека за дел од објектите кои ги користи и располага, партијата нема обезбедено имотни листови за регулирање на правото на сопственост. Со извршениот увид во расположливата документација констатиравме дека станува збор за деловен простор во градежни објекти, кои СДСМ ги има наследено од правен субјект нејзин претходник.

Во текот на 2018 и 2019 година СДСМ има преземено активности за уредување на правото на сопственост на објектите со недефиниран сопственички статус, што СДСМ ги владее како правен наследник.

Ревизијата истакнува дека до денот на извршување на ревизијата, од извршениот увид на приложената документација, состојбата не е променета, односно не е обезбеден документ за сопственост поради што не е извршено нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и не е извршено сметководствено евидентирање во деловните книги, согласно одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации и Законот за сопственост и други стварни права, што влијае на искажаната вредност на позицијата на постојаните средства во Билансот на состојба.

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

СДСМ

**Препорака:**

Одговорното лице на партијата да продолжи со отпочнување на активностите за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и соодветно евидентирање во деловните книги на партијата

**ЗАБЕЛЕШКА НА НАОД И ПРЕПОРАКА 4.1.1.**

Уписот на недвижностите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како и недвижностите наследени од нашиот правен претходник е процес кој го водиме пред надлежните органи контуинирано од 1991година.

Најголем дел од недвижности се впишани во Агенцијата за Катастар на недвижности и истите се евидентирани во сметководствената евиденција.

Во меѓувреме некои недвижности наследени од нашиот правен претходник кои беа од времен карактер и со реализација на урбанистичките планови веќе не постојат, не ги користиме, како и деловни простори кои со одлуки на соодветни органи, ни беше одземено владението (судски одлуки и одлуки за денационализација).

За преостанатиот простор кој се уште го владееме во тек се активности за утврдување на правото на сопственост.

До завршување на сите активности Социјалдемократскиот сојуз редовно ги сервисира сите комунални трошоци за наведените објекти.

**Оттаму бараме Наодот 4.1.1. и неговата препорака да се променат и да се земе во предвид нашата забелешка.**

4.1.2. Со одредбите на член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, уредени се приватните извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства, кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 14 од наведениот закон, износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде

СДСМ

повисок од една просечно исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика.

Начинот и висината на плаќање на членарината се регулирани со интерни акти на партијата, согласно кои претседателите на општинските организации на СДСМ имаат обврска да се грижат за уредно прибирање на членарината, висината на истата и задолжително да го известат одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ доколку некој од членовите уплати износ повисок од законски предвидениот. Прибраните средства од членарини во вкупен износ се уплатуваат на трансакциската сметка на партијата од лица именувани од страна на одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ.

Со извршениот увид во начинот на прибирање на средствата од членарина, Утврдивме дека во 2020 година, средствата за месечна членарина од секоја општинска организација, се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати.

Ревизијата истакнува дека воспоставениот начин на прибирање, уплата и известување за приходите по основ на членарина во СДСМ не обезбедува целосен увид и потврдување во поединечно уплатените средства, по наведениот основ, која состојба овластениот државен ревизор во континуитет ја истакнува во конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ од претходни години.

**Препорака:**

Одговорното лице на партијата да превземе активности за донесување на акт за доуредување на начинот на прибирање на уплата и известување за поединечните износи на средствапо основ на членарина, заради потврдување дека поединечните износи на членарина се во рамките на законски утврдениот лимит.

**ЗАБЕЛЕШКА НА НАОД И ПРЕПОРАКА 4.1.2.**

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како што истакнувате и во наодот е отиден неколку чекори нанапред во однос на законските одредби за приходите од членарина и тоа доста одамна пред 10 години со носење на соодветни акти кои го прецизираат начинот на уплата на членарината.

Бидејќи базата на податоци на членови е деловна тајна, оттаму со актите е регулирано дека доколку некој од членовите го надмине годишниот лимит утврден со закон, претседателот на Општинската организација е должен да го информира генералниот секретар на партијата.

На Ревизијата и се доставени докази дека сиве изминати години нема такви пречекорувања во уплатите од членовите над дозволениот годишен лимит.

Социјалдемократскиот сојуз во целост го има уредено начинот на уплата на членарината согласно постојните законски одредби.

**Оттаму бараме Наодот 4.1.2. и неговата препорака да се променат и да се земе во предвид нашата забелешка.**

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Претседател

Димитар Ковачевски

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Прилог бр.2**

**Одговор**
**на Забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.06.2022 година добиени се Забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Социјалдемократски сојуз на Македонија број 03-133 од 09.06.2022 година од страна на Димитар Ковачевски - претседател, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-183/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешките на констатираната состојба и на дадената препорака во врска со **точката 4.1.1.**, кои се однесуваат на нерегулиран сопственички статус на дел од градежните објекти наследени од правниот субјект претходник на партијата, како и на потребата од преземање на идни активности за утврдување на сопственоста на објектите кои се користат, нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности и соодветно евидентирање во деловните книги на партијата, **претставува известување**. Имено, во забелешките се наведуваат активности кои партијата ги презела за постапување по дадената препорака, а кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата и кои се содржани во Нацрт извештајот. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази за менување на констатираната состојба и на насоките за идни активности посочени во дадената препорака.

2. Забелешките на констатираната состојба и на дадената препорака во врска со **точката 4.1.2.**, кои се однесуваат на воспоставениот начин на уплата на членарината на трансакциската сметка, како и насоки за преземање на идни активности за донесување на акт за доуредување на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните износи на средства по основ од членарина, **претставува известување** за донесените акти од страна на партијата. Наведените интерни акти овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази за менување на констатираната состојба и на насоките за идни активности посочени во дадената препорака.